# "ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР"А.Д. СКОПЈЕ

**Кеј 13 Ноември кула 2/4**

---

ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР Акционерско друштво за издавање деловен простор под закуп Скопје

**О Б Ј А В У В А**

**П О В И К**
**за свикување Годишно Собрание на**
**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР Акционерско друштво за**
**издавање деловен простор под закуп - Скопје**

1. Се свикува Годишно Собрание на ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР Акционерско друштво за издавање деловен простор под закуп – Скопје.
2. Годишното Собрание ќе се одржи на ден **31.05.2021 година (понеделник)** со почеток во **12,00 часот,** во салата за состаноци во Градски Трговски Центар на 4 кат, кула 2, Кеј 13 Ноември Скопје.

   За седницата се предлага следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог-Одлука за одобрување на Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

2. Предлог – Одлука за одобрување на ревидирана Годишна сметка за 2020 година на Градски Трговски Центар А.Д. – Скопје.

3. Предлог-Одлука за покривање на загуба од минати години (2020 година) по Годишна сметка, Финансиските извештаи за 2020 година и годишен извештај за работењето на Градски Трговски Центар А.Д.- Скопје за 2020 година.

4. Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2020 година.

5. Предлог-Одлука за избор на членови на Одборот на директори (повторен мандат).

6. Предлог-Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2021 година односно годишната сметка за 2021 година.

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред. Вклучувањето на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат, на начин утврден со член 390 од Законот за трговските друштва. Право на учество во работата и право на глас во Собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно заверено кај Нотар за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието должен е да го пријави своето учество најдоцна до 9,00 часот пред почетокот на седницата во Секторот за правни и општи работи на ГТЦ А.Д. - Скопје заради евидентирање во списокот за присуство.

Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледуваат во Секторот за правни и општи работи од 25.05.2021 година до 28.05.2021 година.

Гласањето на Собранието е јавно. Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат акционери или нивните овластени претставници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, а одлуките се донесуваат со мнозинство од 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. – СКОПЈЕ**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**